**Известување за концентрација со која ТРД ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип ќе стекне контрола над ТРД ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО**

**(предмет бр. 08-39/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 31.01.2024 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Друштвото за телекомуникациски услуги ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип, со седиште на ул. Ванчо Прке бр. 88 во Штип ќе стекне контрола над Трговско радиодифузно друштво – оператот на пренос на мрежа ИНФЕЛ – КТВ Охрид ДОО со седиште на ул. Богомилска бр. Б1, Охрид.

ТЕЛЕКАБЕЛ е оператор на јавна комуникациска мрежа и давател на јавни комуникациски услуги кој е нотифициран и активен учесник на пазарот за електронски комуникации на територијата на Република Северна Македонија. Основан е во 1998 година.

ТЕЛЕКАБЕЛ на своите претплатници им ги нуди следните комуникациски услуги: пристап до телевизиски содржини/телевизија, интернет, фиксна телефонија и мобилна телефонија. Услугите: пристап до телевизиски содржини/телевизија, интернет и фиксна телефонија ги нуди преку сопствена комуникациска мрежа, додека услугата мобилна телефонија ја нуди преку изнајмена комуникациска мрежа од Македонски Телеком АД Скопје и ова услуга ја нуди како виртуелен мобилен оператор.

Комуникациските услуги: пристап до телевизиски содржини/телевизија, интернет, фиксна телефонија и мобилна телефонија ТЕЛЕКАБЕЛ во моментот ги нуди во 17 градови во Македонија. Целосната покриеност со сопствена комуникациска мрежа каде ги нуди комуникациските услуги: „пристап до телевизиски содржини/телевизија„ , „фиксен интернет„ и „фиксна телефонија, ги опфаќа градовите: Штип, Битола, Велес, Струмица, Кавадарци, Кочани, Св.Николе, Скопје, Радовиш, Неготино, Прилеп, Охрид, Гевгелија, Пробиштип, Делчево, Валандово и Кичево. Услугата „мобилна телефонија со можност за „мобилен интернет„ ја нуди преку изнајмената мобилна комуникациска мрежа на Македонски Телеком АД Скопје на територијата на Република Северна Македонија.

Основачот на ТЕЛЕКАБЕЛ г-динот Роберт Димитров е сопственик на 89,77% акции на Друштвото за трговски промет ЕЛМАР АД Штип со седиште на ул. Тошо Арсов бр. 36 во Штип, кое обавува дејност: издавање или управување со сопствен недвижен имот и има добиено лиценца за работа на друштвото за вршење сметководствени работи. Ова друштво не обавува исти или слични дејности со ТЕЛЕКАБЕЛ.

ИНФЕЛ – КТВ Охрид е оператор на јавна комуникациска мрежа и давател на јавни комуникациски услуги кој е нотифициран и активен учесник на пазарот за електронски комуникации на територијата на општина Охрид. Основан е во 2001 година.

ИНФЕЛ – КТВ Охрид на своите претплатници им ги нуди следните комуникациски услуги: пристап до телевизиски содржини/телевизија и интернет. Комуникациските услуги ги нуди преку сопствена комуникациска мрежа.

Основачи и иматели на удели во ИНФЕЛ – КТВ Охрид се г-дин Гоце Ивановски и Друштво за производство, инжинеринг и услуги ИНФЕЛ Гоце увоз – извоз Охрид ДООЕЛ.

Основачот на ИНФЕЛ – КТВ Охрид, Друштвото за производство, инжинеринг и услуги ИНФЕЛ Гоце увоз – извоз Охрид ДООЕЛ е основано од г-дин Гоце Ивановски и ја обавува дејноста: 43.39 – Останати завршни градежни работи, при што оваа дејност не е поврзана со дејноста на ИНФЕЛ – КТВ.

Основачите на ИНФЕЛ – КТВ Охрид со Договор за пренос на удел ќе му ги пренесат во целост своите удели на ТЕЛЕКАБЕЛ, со што ТЕЛЕКАБЕЛ ќе се стекне со 100% удел во ИНФЕЛ – КТВ и ќе стане единствен основач на ИНФЕЛ – КТВ Охрид, со што ќе стекне целосна контрола над ИНФЕЛ – КТВ Охрид.

Пазарот на кој се однесува концентрацијата може да подпадне на пазарот за електронски комуникации на територија на општина Охрид.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

01.02.2024 година
Скопје